14512-3

7

Вечер, Скопје, 11 II 1971, 7

ЈАВНА ДИСКУСИЈА ЗА ПЛАНОТ НА МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ

**КУЛТУРЕН РАЗМЕРНИК**

# ПОДЕЛЕНИ МИСЛЕЊА ЗА ОРИЕНТАЦИЈАТА НА МУЗЕЈОТ

- **ПОСЕБНА ОБВРСКА СПРЕМА СВЕТСКИТЕ ЛИКОВНИ УМЕТНИЦИ**
- **ДАЛИ МАКЕДОНСКИТЕ УМЕТНИЦИ СЕ ДОВОЛНО ЗАСТАПЕНИ ВО МАНИФЕСТАЦИИТЕ НА МСУ?**

**Вчера Музејот на современата уметност во Скопје одржа јавна дискусија за начелните насоки за дејствување во наредните пет години. Во дискусијата учествуваа членовите на Друштвото на ликовните уметници на Македонија и други јавни и културни работници.**

**Директорот на Музејот Борис Петковски рече:**

**— На програмата работевме целиот период од постоењето на Музејот. Затоа зацртаните акции треба да претставуваат еден поцелосен потег. Оваа година ја определивме како експериментална и дејствувањата ги усогласивме и со материјалната база и со барањата на основачот на институцијата.**

Петковски ги запозна присутните и со тоа дека Музејот добил уште 40 вредни дела од познати ликовни уметници од светот.

**— Спрема светските ликовни уметници имаме посебна обврска — да го следиме нивното творештво, нагласи тој. — Тоа на Скопје и на нашата Република им овозможува контакт со светот. Ние секојдневно имаме притисок од сите страни на светот од познати уметници кои сакаат да излагаат кај нас.**

**Соња Абациева — Димитрова**, кустос во Музејот, подетално ја образложи програмата и акциите кои ќе бидат преземени во наредните 5 години.

Таа нагласи дека во подготвувањето, организирањето и реализирањето на изложбите најголема грижа ќе се посвети на македонското ликовно творештво

**— Македонската ликовна уметност ќе биде прикажана низ самостојни, ретроспективни, комеморативни и групни изложби, истакна таа. Ќе бидат застапени и најактуелните движења, тематските изложби, големи историски изложби, изложби кои ќе реконструираат одредени стилски насоки и движења.**

Што се однесува до ликовните дела од другите републики, вниманието на Музејот ќе биде насочено кон квалитетните и врвните остварувања.

Странската современа ликовна уметност ќе биде презентирана низ групни или самостојни изложби што ќе произлезат од соработката со другите сродни институции.

**— Бидејќи Музејот е плод на светската солидарност на уметниците и неговата основна идеја е да оствари средба на високи творечки достигнувања на современата ликовна уметност, рече Абациева, предвидуваме и такви манифестации како што се избрани дела од „Мајскиот салон“ од Париз, светската галерија на карикатури и изложби на уметници — дарители кои претставуваат врвни имиња во уметноста.**

Од името на **Друштвото на ликовните уметници на Македонија** зборуваше **Борко Лазевски** кој истакна дека е потребно да се дојде до заедничка ориентација во ликовниот живот во Македонија која ќе биде од корист на сите ликовни уметници.

— Согледувам, истакна тој, дека македонските ликовни уметници се слабо застапени во креирањето на акциите и манифестациите што ги организира Музејот.

Тој предложи да се формира уметнички совет при Музејот во кој ќе влезат претставници на Друштвото.

**Миле Корубин** упати критика на Музејот што отишол во голема ширина со организирањето на изложби од странски ликовни уметници.

**— Македонските ликовни уметници, истакна тој, треба да бидат најповеќе опфатени во програмата. На нив треба да им се овозможи многу повеќе простор и материјални средства.**

Во дискусијата учествуваа и други ликовни уметници и општествени работници. Мислењата за програмата на Музејот главно беа поделени во однос на застапувањето на македонските ликовни уметници на изложбените манифестации.

П. Б.